


Врз основа на член 55 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на општина Делчево” бр. 12/06), Комисијата за организирање на настани и културни манифестации при Општина Делчево, по повод 137 години од Разловечкото востание, распишува:

**К о н к у р с**
**за доделување на награди за ликовни**
**творби посветени на Разловечкото востание**

Со ликовни творби (во сите техники) посветени на Разловечкото востание, може да се конкурира во две категории и тоа:

1. 1.Ученици од основните училишта (од 6-9 одделение)
2. 2.Ученици од средното училиште

За секоја од двете категории ќе се доделат: прва, втора и трета награда.

Наградите се состојат од диплома и книги.

Ликовните творби посветени на Разловечкото востание треба да се достават во 1(еден) примерок, во шифрирана форма и тоа:

* во посебен плик да се ставаат податоците за авторот(име, презиме, адреса, телефон,

за учениците се доставува и: училиште, клас и професор-ментор) и пликот да е затворен и на него да се напише шифрата и назнака „Конкурс за доделување на награда за ликовни творби посветени на Разловечкото востание“.

* на позадината на творбата да се напише само шифрата и да се прикачи пликот со податоците за авторот.

Творбите да се достават до Архивата на општина Делчево на адреса „Светозар Марковиќ“ 1, Делчево.

Изборот на наградените ќе го изврши Комисија формирана за оваа намена.

Конкурсот трае заклучно со 10.05.2013 година(петок). Творбите доставени по истекот на рокот наведен во конкурсот нема да се разгледуваат.

Општина Делчево
Комисијата за организирање на настани и културни манифестации